З А П И С Н И К

Од 6-тата седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево одржана на ден 29.01.2026 година со почеток од 10:00 во просториите на Општина Чешиново-Облешево-сала на Совет.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Чешиново-Облешево г-дин Горанчо Димишков.

Од вкупно 11 Советници на седницата присуствуваа сите 11 советници и тоа: Горанчо Димишков, Александар Саздов, Виктор Нестов, Даниел Гочев, Грозде Митров, Христина Горгиева, Дивна Зафирова, Бранко Стоименов, Влатко Заов, Борчо Гигов и Дарко Стојанов.

На Седницата присуствуваа Градоначалник Јорданче Костадинов, Ивана Минова-Богданова раководител на одделение за финансиски прашања, Марија Јованова-соработник за имот на општината, Игор Јанев-раководител на ЈПКД Облешево, Ивана Миленкова Советник за информатичко комуникациска технологија и систем администратор и Записникот го води Емилија Анастасова-Советник ревизор на обука.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков ги извести советниците дека има допуна на дневниот ред на следните точки:

За 14 точка – Барање за еднократна парична помош за Столе Иванов.
Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена точката за дневен ред***.***

За 15 точка – Барање од граѓани на с. Уларци.
Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена точката за дневен ред***.***

За 16 точка – Иницијатива за ажурирање на Проценка на загрозеност на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево од сите ризици и опасности.
Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена точката за дневен ред***.***

За 17 точка-Барање за бекатонизација пред дуќаните во с. Облешево

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена точката за дневен ред***.***

За 18 точка – Барање за поставување тампон на жители од с. Соколарци.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена точката за дневен ред***.***

Претседателот на Советот Горанчо Димишков кажа да се разгледа Записникот од петата седница.

Бранко Стоименов: Имам забелешка од записникот. Минатата седница јас дискутирав за азбестни цевки, за Боров мост а во записникот го нема.

Горанчо Димишков: Записникот го ставаме на гласање со забелешките.

Се премина на гласање и со со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Записникот од петата седница.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков за работа на 6-тата Седница на Совет на Општина Чешиново-Облешево го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

1. БАРАЊЕ за донесување Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД Облешево за 2026 година
2. БАРАЊЕ согласност за утврдување на тарифи за водни услуги во 2026 година
3. ИЗВЕШТАЈ за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.12.2025 година
4. БАРАЊЕ-ИЗВЕСТУВАЊЕ од иницијативен одбор за прослава на Св. Трифун 2026 година
5. Барање од Стојанов Звонко с. Теранци
6. ИЗВЕШТАЈ за извршениот годишен попис во Општина Чешиново-Облешево со состојба на ден 31.12.2025 година
7. ИЗВЕШТАЈ од извршениот попис на ситниот инвентар на Општина Чешиново-Облешево
8. ИЗВЕШТАЈ за извршениот годишен попис на основни средства во Општина Чешиново-Облешево со состојба на ден 31.12.2025 година
9. БАРАЊЕ за еднократна помош за лекување на Ефтимова Мита
10. БАРАЊЕ за еднократна помош за лекување на Ленче Филипова
11. БАРАЊЕ за финансиски средства за Милена Нисова
12. ИЗВЕШТАЈ за одржување на ИСИ Чешиново 2025 година
13. БАРАЊЕ од ОИК за финансиски средства за локални избори 2025 година
14. БАРАЊЕ за еднократна парична помош за Столе Иванов

15. БАРАЊЕ од граѓани на с.Уларци
16. Иницијатива за ажурирање на Проценка на загриженост на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево од сите ризици и опасности
17. Предлози, прашања и барања

Грозде Митров: Почитуван Градоначалник, почитуван претседателе, и советници јас предлагам да се формират месни заедници, канализациите и водоводот треба да подпаднат од општината и тие се како се брат и сестра.

Претседател на совет: Дали барањето е лично твое или од месната заедница?

Грозде Митров: Од месната заедница.

Претседател на совет: Дали има представник од месната заедница?

Грозде Митров: Нема, треба да се формира.

Претседател на совет: Значи немате формирано, јас мислам да се формира месна заедница, ќе се донесете одлука и после ќе си поднесете барање, да не ставаме вакви точки на дневен ред.

Грозде Митров: Претседателе треба градоначалникот, членовите на комисијата за месни заедници да појдат по сите села, да ги формират месните заедници и сите водоводи да припаднат на општината.Во ниедно село нема формирано.

Претседател на совет: Образложување од градоначалникот.

Градоначалник: Благодарам претседателе, советниче Грозде, од тоа што го слушнав како барање, вие како месна заедница поднесувате барање. Меѓутоа ако тоа е контретно барање од месната заедница треба да биде подкрепено со некој записник или одржан состанок. Во делот на тоа дека треба да се направи комисија за месни заедници во сите села, се согласувам целосно, и сме во фаза на таа работа и ќе ја завршиме во многу брзо време и секое населено место ќе биде посетено со комисијата формирана од советот за формираќе на месни заедници во сите населени места. Ако ова што вие го предлагате за точка на дневен ред не е толку хитно, да го почекаме моментот да се формира месната заедница во с. Спанчево, па дополнително да разговараме за тој проблем иако првично вака како што го кажувате не е согласно законот ниту може да се спроведе. Да го почекаме моментот да се формира месната заедница па понатаму да пристапиме кон вашето барање за превземање на водоводот назад во сопственост на месната заедница како што вие предлагате што е сосема спротивно од законот за Јавното претпријатие. Благодарам.

Грозде Митров: Почитуван градоначалник, јас знам дека не е согласно со законот но ние сакаме општината да оди напред.

Претседател на совет: Дали некој друг бара збор.

Бранко Стоименов: Благодарам. Во врска со дневниот ред претседателе, кога ќе ја погледнеме програмата за работа на совет, за месец јануари имаме 7 точки, гледам во денешниот дневен ред не се опфатени, а јануар месец веќе мине. Ве прашам зошто не се ставени на дневен ред. И второ, имам предлог точки за допуна на дневниот ред.

1. Одлука за изработка на проект и уредување на просторот пред дуканите со бекатон плочки во с. Облешево.
2. Одлука за тампонирање на улица во с. Соколарци од училиштето до гробиштата .

Имаме уште една точка, јас ќе одам со усно барање. До комуналниот испектор, малку да го ангажираме, а точката ќе гласи вака: - Барање до комуналниот инспектор да излезе на терен и да ги провери дивите депонии, две. Едната веќе е направена или е во фаза на правење а се наоѓа кога ќе излеземе од с. Облешево , а другата е пострашна, од с. Облешево накај с. Теранци, после Кочанска река. Да излезе комуналниот инспектор на терен, да изврши увид, да излезе со извештај до совет и да се тражи решение.

Градоначалник: За последното барање во врска со комуналниот инспектор, бидејќи е барање насочено кон институциите, добро би било тоа барање да е писмено од твоја страна и пренесено до комуналниот инспектор, бидејќи е конкретно кон него.

Претседател на совет: Првата точка "Одлука за изработка на проект и уредување на просторот пред дуканите со бекатон плочки во с. Облешево" ја ставаме на гласање.

Се премина на гласање и со со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАН советник** е усвоена точката ***Одлука за изработка на проект и уредување на просторот пред дуканите со бекатон плочки во с. Облешево.***

Претседател на совет:И точката "Одлука за тампонирање на улица во с. Соколарци од училиштето до гробиштата" ја ставам на гласање.

Се премина на гласање и со со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена точката ***Одлука за тампонирање на улица во с. Соколарци од училиштето до гробиштата .***

Претседател на совет: Јас само сакам да кажам едно дообјаснување за овие точки за тампонизација. Секоја година имаме јавен повик и пожелно е тоа да се поднесува и тие барање да влезат во програмата. Затоа што ние сега ќе ги гласаме барањата и ќе донесуваме одлуки.Мислам дека е подобро да се внесат во програмата за да се обезбедат средства.

Бидејќи некој не бара збор, дневниот ред со дополнувањата го ставам на гласање.

Сите советници едногласно го усвоија дневниот ред.

1. ***БАРАЊЕ за донесување Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД Облешево за 2026 година.***

   Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Игор Јанев-раководител на ЈПКД Облешево.

   Игор Јанев : Ова е обврска која произлегува од законот за административни службеници, сакам да појаснам дека не се работи за никаква корекција на платите туку е законска обврска, секоја година да се утврди бодот на плата. Во барањето е наведено дека бодот изнесува 36 денари, толку беше и предходната година и се работи само за формална законска обврска.

   Грозде Митров: Директоре сакам да ве прашам, зошто кај вас бодот е 36 денара, а кај другите е 81 денари, зпшто е толку малку кај вас, дали мали плати земате?

   Игор Јанев : Кај нас бодот се утврдува во рамки на самата институција, управниот одбор во зависност од платите го креира и вредноста на бодот.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков праша дали има прашања.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАН советник** е усвоена ***БАРАЊЕ за донесување Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД Облешево за 2026 година.***

2. ***БАРАЊЕ согласност за утврдување на тарифи за води услуги во 2026 година.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Игор Јанев – раководител на ЈПКД Облешево

Игор Јанев: И ова барање е формално, кое мора советот да го утврдува секоја година и суштински не прави никакви измени во ценовникот иако има некои формални поместувања во децимални износи. На кратко само ќе појаснам за цените на водните услуги и тука спаѓа цена на вода за пиење, цена на кубик отпадна вода и цена за прочистување на отпадни води. Три вида на услуги. Од 2018 година овие тарифи ги утврдува Регулаторната комисија, која дава решение за секое претпријатие кое трае 3 години.

1. ***УП1 бр. 08-35/25 од 28.03.2025 „Решение за тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД „Облешево" Чешиново-Облешево за регулиран период 2025-20247година",*** каде во точка 3 од Решението, за 2026 година се утврдува опсегот на дозволени цени на вода:

   - Минимална просечна тарифа = 32,20 ден/м³
   - Максимална просечна тарифа = 32,36 ден/м³

2. ***УП1 бр. 08-36/25 од 28.03.2025 – „Решение за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „Облешево" Чешиново-Облешево за регулиран период 2025-2027 година",*** каде во точка 3 од Решението, за 2026 година се утврдува опсегот на дозволени цени:

   - Минимална просечна тарифа = 10,04 ден/м³
   - Максимална просечна тарифа = 10,09 ден/м³

3. ***УП1 бр. 08-37/25 од 28.03.2025 – „Решение за утврдување на тарифа за пречистување на урбани отпадни води на ЈПКД „Облешево" Чешиново-Облешево за регулиран период 2025-2027 година",*** каде во точка 3 од Решението, за 2026 година се утврдува опсегот на дозволени цени:

   - Минимална просечна тарифа = 2,93 ден/м³
   - Максимална просечна тарифа = 2,94 ден/м³

Гросде Митров: Месната заедница од с. Спанчево со водоводот некаде инкасира околу 2.000.000,00 денара од водата и околу 300.000,00 денара данок на донадена вредност.
Горанчо Димишков:Јас се извинувам но ако имате прашање темата.
Игор Јанев: Не е иста престметката кај што нема и кај што има водоводи.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***БАРАЊЕ согласност за утврдување на тарифи за води услуги во 2026 година.***

Гросде Митров на пауза.

3. ***ИЗВЕШТАЈ за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот од 01.01.-31.12.2025 година***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Ивана Минова-Богданова - Раководител на одделение за финансиски прашања: Како и секоја година така и оваа имаме извршување на Буџетот за 2025 година. Знаци од вкупно планирани 138.323.292,00 извршени се 128.810.765,00 или 93 %. Од вкупно планирани расходи 133.962.719,00 извршени се 120.768.526,00 или 90,15%. Значи наплатата на приходите не е поголема од 93% од причина што имавме проекти преку владата и требаше да бидат наплатени во 2025 година меѓутоа за еден проект само дел од средствата ни пуштиа. Затоа извршувањето на приходите е помало и овде кај градинката имаме повеќе планирано кај самофинансирачките а не се наплатени. Исто и кај расходите, не се добиени парите од приходите за проектите и не се исплатени како расходи и затоа имаме намалување и овде на 90,15%.

Бранко Стоименов:За кои проекти не се добиени пари од владата?

Ивана Минова Богданова:За проектите што се моментално работе, улиците, канализацијата Соколарци, меѓутоа почнуваат веќе, имавме ситуации што на крајот на годината стасаа средства и ќе почнуваат од јануари или февруари и ќе ги пуштат. Беа како развојни програми и беа ставени дел 2025, дел 2026 и дел 2027 година, меѓутоа во 2025 година само мал дел се реализираа, меѓутоа не значи дека нема да се пуштат во 2026 или 2027 година.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ИЗВЕШТАЈ за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот од 01.01.-31.12.2025 година***

4. ***БАРАЊЕ-ИЗВЕСТУВАЊЕ од иницијативен одбор за прослава на св. Трифум 2026 година***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков: Јас да дообјаснам за оваа точка дека во програмата се ставени 50.000,00 денари за св. Трифун и ќе бидат исплатени. Сане бара табла за пинг-понг и веќе е обезбедена.

5. ***БАРАЊЕ од Стојанов Звонко С. Теранци***

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков: Отварам третрес за точката.

Бранко Стоименов: Читајќи го барањето, се однесува за улица на крајот од селото. Таму живеат две-три куќи, точно дека таа улица води до резточно дека таа улица води до резервоарот на селскиот водовод и морам да потенцирам дека по таа улица мине главниот целовод и улицата е стрмна и кога дојдат дождови, го откриваат главниот целовод и прават штета. Мислам дека е добро затоа што човекот не бара асвалт, може и со бекатон плочки.

Градоначалник: Бидејќи станува збор за улица од населено место Теранци, го знам како проблем и се согласувам дека барањето е оправдано но сепак мораме да имаме во предвид, фактот дека за изградба на улица потребно е изработка на проект и техничка документација и тоа што го имам како информација од службите на општината немаме изготвено проект за таа улица, што значи дека дополнително ќе се пристапи за изработка на проект, но потребно е да избереме проектантска куќа за тендерска постапка и потоа ќе се види кои се приоритетни улици и ако има финансии да се изгради оваа улица.

Бранко Стоименов: Значи можеме барањето да го преформулираме, Изработка на проект и изградба. Ако не влезе во програмата за оваа година да влезе во наредна година.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ; НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***БАРАЊЕ од Стојанов Звонко С. Теранци***

6. ***ИЗВЕШТАЈ за извршен годишен попис во општина Чешиново-Облешево со состојба на ден 31.12.2025 година***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова.

Емилија Анастасова: Значи пописот е законски да се врши секоја година на 31.12. Пописот го извршија пописни комисии формирани од центарлна пописна комисија за редовен годишен попис, имате ги пред вас комисиите. Комисија за попис на основните средства, комисија за попис на ситен инвентар, обврски и благајн а за 2025 година. Имаме и отпис односно расход, 3 греалки и еден бојер, сето тоа ќе биде во одлуката.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ИЗВЕШТАЈ за извршен годишен попис во општина Чешиново-Облешево со состојба на ден 31.12.2025 година***

7. ***ИЗВЕШТАЈ од извршениот попис на ситниот инвентар на општина Чешиново-Облешево***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова.

Емилија Анастасова: Пописот се изврши на 30.12.2025 година почнувајќи од 08:00 часот. Од извршениот попис констатирана е следната состојба: Потписани се вкупно 14 пописни листи. Исто така и на благајната со тоа што благајата на крајот од годината треба да е на нула, а кога ќе почне новата година се влеча пари на сите конта и да не изнесува повеќе од 10.000,00 денари.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***ИЗВЕШТАЈ од извршениот попис на ситниот инвентар на општина Чешиново-Облешево***

8. ***ИЗВЕШТАЈ за извршениот годишен опис на основни средства во општина чешиново-Облешево со состојба на ден 31.12.2025 година***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова.

Емилија Анастасова: Исто пописот е започнат на 31.12.2025 година почнувајќи во 08:00 а е завршен во 16:00 часот. Овде имаме 11 пописни листи:

1. Пописна листа 1 - с. Бање
2. Пописна листа 2 – с. Жиганци
3. Пописна листа 3 – с. Кучичино и с. Бурилчево
4. Пописна листа 4 – с. Соколарци
5. Пописна листа 5 – с. Облешево
6. Пописна листа 6 – с. Спанчево
7. Пописна листа 7 – с. Теранци
8. Пописна листа 8 – с. Уларци, с. Новоселани и с. Лепепелци
9. Пописна листа 9 – с. Чешиново
10. Пописна листа 10 – с. Чифлик
11. Пописна листа 11 – возила

Објектите се наведени во пописните листи а не се вредносно изразени.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ИЗВЕШТАЈ за извршениот годишен опис на основни средства во општина чешиново-Облешево со состојба на ден 31.12.2025 година***

9. ***БАРАЊЕ за еднократна помош за лекување на Ефтимова Мита***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков: Барањето е уредно доставено, и предлагам еднократна помош од 6.000,00 денара.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***БАРАЊЕ за еднократна помош за лекување на Ефтимова Мита***

10. ***БАРАЊЕ за еднократна помош за лекување на Ленче Филипова***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде: Исто и за ова барање предлагам 6.000,00 денара еднократна финансиска помош.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***БАРАЊЕ за еднократна помошза лекување на Ленче Филипова***

11. ***БАРАЊЕ за финансиски средства за Милена Нисова***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков: Ова е барање за дете со посебни потреби за превоз, предлагам по 6.000,00 денара месечно.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАН советник** е усвоено ***БАРАЊЕ за финансиски средства за Милена Нисова***

12. ***ИЗВЕШТАЈ за одржување на ИСИ Чешиново 2025 година***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова.

Емилија Анастасова: Како и секоја година така и оваа, се доставува извештај од илинденските игри до советот на општината. Имате го извештајот пред вас и мозете да го разгледате, колку е наградата за 1во, 2ро и 3то место. И на крајот е организирана мала прослава во Рома, имате број на фактура и износ.

Даниел Гоцев: Почитувани колеги, овде гледам во буџетот е издвоено 500.000,00 денари за самата игра но кога ги собрав сите вредности доага некоја вредност од 340.000,00

денари, наградите, 1во, 2ро, 3то место и плус другите суми, каде се другите 160.000,00 денари?

Емилија Анастасова: Тој износ е предвиден во буџетот но не значи дека треба да се сите потрошат.

Даниел Гоцев: Дали ќе може да предложеме поголеми награди и повеќе тимови и да го зголемиме буџетот на самата организација?

Емилија Анастасова: Треба да провериме ние колку имаме средства.

Даниел Гоцев: Значи кога ќе дојде ред за самиот настан.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ИЗВЕШТАЈ за одржување на ИСИ Чешиново 2025 година***

13. БАРАЊЕ од ОИК за финансиски средства за локални избори 2025 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Ивана Минова-Богданова:

Ивана Минова-Богданова: Локалните избори секогаш паѓат на терет на општината, значи општината треба да ги исплати, освен во случај кога општината е блокирана. Ние за време на изборите бевме блокирани меѓутоа после изборите баш кога требаше да се исплатат средствата не одблокираа. Има си правилник што е даден од државната изборна комисија и по тој правилник пресметуваме. Таа е сума што ви е дадена во одлуката. Ние имаме поднеено до Министерството за финансии ако можат да ни одобрат затоа што имаме многу долгови. Законски мора да ги имаме во буџетот, мора да се донесе одлука на совет, се надеваме дека ќе ни одобрат и да платиме.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***БАРАЊЕ од ОИК за финансиски средства за локални избори 2025 година***

14. БАРАЊЕ еднократна финансиска помош за Столе Иванов с. Спанчево

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков: Предлагам 6.000,00 денари еднократна помош за Столе.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***БАРАЊЕ еднократна финансиска помош за Столе Иванов с. Спанчево***

15. БАРАЊЕ од граѓани на с. Уларци

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на советницката Дивна Зафирова.

Дивна Зафирова: Почитуван градоначалник, почитувани советници, граѓаните на с. Уларци имаат неколку барање за подобрување на условите за живот во селото.

1. Изработка на чекална на сред село (за околу десетина луѓе), бидејќи кога врне дожд и има невреме луѓето немаат каде да се засолнат.
2. Поставување на знаци ЗАБРАНЕТО ФРЛАЊЕ НА ЃУБРЕ-следува казна, на места – влезот на селото и кај местото покрај реката (Руса-среда) бидејќи се стварат диви депонии, допуна на големи контињери.
3. Обнова на патот од главниот пат до сред село и некои споредни улици во селото, патот е целосно уништен бидејќи не е обновен со десетици години, а дополнително е уништен и при изградбата на канализацијата.

Граѓани на с. Уларци и представиник Виолета Иванова, дата 23.01.2026 година.

Градоначалник: Благодарам на жителите од населено место с. Уларци за произнесените барање, сепак ова се можеби три клучни работи за секое населено место, заслужува и треба да ги има и воопшто не станува дискутабилно дали треба да се разговара или не треба да се разговара за овие барања но сепак се доставени во писмени барања до советот на општината и до мене како градоначалник, се разбира дека ќе пристапиме кон разгледување на можноста за реализација на сите три барања.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***БАРАЊЕ од граѓани на с. Уларци***

16. ИНИЦИЈАТИВА за ажурирање на Проценка на загрозеност на подрачјето на општина Чешиново-Облешево од сите ризици и опасности

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова.

Емилија Анастасова: Советот на општина Кочани е одржала совет во 2015 година и од тогаш на секои 4 години се донесува одлука. Ова е проценка од поплава, пожар, од ЦУК и за сите ризици и опасности да бидат навремено известени. Треба да се донесе одлука по редовна постапка.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ИНИЦИЈАТИВА за ажурирање на Проценка на загрозеност на подрачјето на општина Чешиново-Облешево од сите ризици и опасности.***

17. Барање за поправување на бекатонки пред дуќаните во с. Облешево

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да ја разгледат барањето.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено **Барањеза поправување на бекатонки пред дуќаните во с. Облешево.**

18. Барање за поставување тампон на жители од с. Соколарци

Претседателот на советот Горанчо Димишков даде збор на Бранко Стоименов.

Бранко Стоименов: Уште едно мало дообјаснување,народот траже тампонирање на улицата а ние не значи дека треба одма да покренеме механизација но има многу модуси и начини како може една улица да биде тампонирана.

Градоначалник: Благодарам советниче на иницијативата, веќе е разгледана таа можност за тампонирање на конкретната улица која вие ја потенцирвте но сепак е добро кога вака на седница на совет ќе биде истакната. Јас сум информиран веќе од граѓаните на Соколарци за потребата и за таа улица и за многу други улици во с. Соколарци, во фаза сме на реализација и за покрупни проекти и за проектна документација но ваквите поситни зафати кои што немаат потреба за изработка на проекти и техничка документација, ќе ни бидат приоритетни во идниот период но треба да се создадат пред се временски услови за да се работи на терен и понатаму ќе се пристапи кон реализација кон сите такви потреби од граѓаните и не само од с. Соколарци туку од сите населени места. Благодарам.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Без одлука на советот ќе обезбедиме клима за во просториите на советот.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Барање за поставување тампон на жители од с. Соколарци.***

19. Предлози, прашања и барања.

Грозде Митров: Градоначалник, уште еднаш сакам да ве прашам до каде е со ставањето на бекатон на тротоарите во Спанчево?

Градоначалник: Благодарам Грозде за прашањето. Во текот на вчерашниот ден добивме известување од Светска Банска и од Министерството за за транспорт и врски, бидејќи тоа е проект од предходниот градоначалник, предходниот совет кој што беше

зацртан во реализација, меѓутоа вестите не се добри, проектот односно изработката на тротоари на улицата Маршал Тито на влезо во Спанчево, јавната набавка е поништена и известувањето е дека поради крајните рокови, септември 2026 година, проектот нема можност да биде реализиран, што значи дека предходната година односно за тој повик од Светска банка, не можеме да очекуваме реализација на тој проект, но не значи дека нема да се пристапи кон раелизација на тој проект во текот на наредната година ако најдат средства за финансирање на истоит тој проект. Инаку конкретната финансиска конструкција која што била планирана преку Светска банка во моментот е стопирана и нема да се реализира.

Претседател Горанчо Димишков: Дали некој друг бара збор?

Бранко Стоименов: Прашањето не е до градоначалник, до тебе е претседателе. Не ми одговоривте преска, зошто 7те точки од програмата за работа на совет не се ставени на дневен ред?

Емилија Анастасова: Има две точки што требаше да бидат на дневниот ред од ЈПКД Облешево, известен е директорот, но не е во можност да ги донесе програмите на овој совет но ќе ги има на наредниот. Некои од точките се изгласани веќе на предходниот совет. Директорот е известен и тие точки ќе бидат ставени на наредната седница.

Бранко Стоименов: Не е добро, значи на наредна седница ќе ги собереме 40 точки, нека си ја потерат работата, не е добро.

Емилија Анастасова: Ќе направиме две седници. Не е секогаш во наша надлежност ова, нема што да направиме. Сите се информирани.

Бранко Стоименов: Треба да и се укаже, ова ќе стане навика и уште едно, кога веќе и се укажува, ѓубрето не беше собирано 2 недели, од тоа почнаа да се прават и дивите депонии.Со комуналното некои работи треба да се средат.

Емилија Анастасова: Тие програми се законски и ќе минат на совет. Нема да ни биде прв месец што ќе имаме по 2 седници. И Комуналното имат образложение зошто не и се доставени програмите оваа седница, надворешно и е книговодството.

Горде Митров: Може не звучи добро, но во сите населени места има кучиња скитници, што треба да направиме.

Градоначалник: Бидејќи сме на старт на нова календарска година, во процес сме на реализиција на планот на јавни набавки, веќе во најкраток можен рок, ќе биде распишан тендер за шиндерска служба за собирање на кучиња скитници и се надевам дека во скоро време ќе имаме решение за тој проблем. Апелирам до сите граѓани во сите населени места, тие кучиња што ги кажуват дека се донесени од некаде и оставени сепак мислам дека се наши кучиња од нашите населени места кои што се пуштени и не се згрижени од страна на сопствениците. Затоа ги замолувам сите граѓани да си ги згрижат кои што ги имат оставено.

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков:Ја затворам 6-тата редовна седница.

Советот заврши во 11:30 часот.

Записничар *Претседател на Совет*

Емилија Анастасова *Горанчо Димишков*

_____ М.П. _____